Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2019 година

# СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....6

Инфлација ....6

Берзански цени .... 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....9

Увоз ....10

Салдо на трговска размена .... 11

Валутна структура .... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....12

Приходи по буџетски корисници ....13

Буџетски расходи според економската класификација ....14

Расходи по буџетски корисници ....16

Буџетско салдо ....17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ ....18

Плати ....19

Пензии ....19

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....21

Депозитен потенцијал ....21

Кредити на банките ....22

Каматни стапки на депозитни банки .... 23

Пазар на капитал .... 23

Девизни резерви .... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

април, 2019 година

- Индустриското производство во април 2019 година забележа раст од 5,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во април 2019 година се зголемија за 1,9% во однос на април 2018 година, по растот од 1,4% во март 2019 година;
- Во периодот јануари - април 2019 година извозот забележа раст од 16,0%, а увозот од 14,2%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 9,3%, споредено со истиот период од 2018 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – април 2019 година изнесуваа 63.926 милиони денари, односно 9,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,7% во однос на истиот период од 2018 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - април 2019 година изнесуваа 68.091 милион денари, односно 9,8% од БДП, што е за 8,1% повеќе во однос на истиот период од 2018 година;
- Вкупните кредити на банките во април 2019 година се зголемија за 8,9% во споредба со април 2018 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 13,1%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во април 2019 година забележа раст од 5,5% во споредба со истиот месец претходната година. Главен двигател на растот е секторот Преработувачка индустрија со раст од 4,5% (придонес од 3,5 п.п.), а раст е забележан и во секторите Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 18,6% (придонес од 2,3 п.п.) и Рударство и вадење камен од 3,5% (придонес од 0,4 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производство во април 2019 година бележат 16 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 63,3% во структурата на вкупното производство. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, најголем придонес во април 2019 година е забележан кај производството на машини и уреди од 29,0% и придонес од 2,8 п.п., а значителен раст има и кај производството на електрична опрема од 26,0% и придонес во вкупното производство од 1,1 п.п.. Производството на прехранбени производи во април 2019 година забележа пад од 2,5% и негативен придонес од 0,2 п.п. во вкупното производство. Од друга страна, производството на пијалаци и натаму бележи двоцифрен раст, кој во тековниот месец изнесува 14,2% со придонес од 0,6 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Согласно податоците по наменски групи, раст е забележан во сите групи, и тоа: Енергија од 20,6% (придонес од 2,9 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,6% (придонес од 0,8 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија од 3,7% (придонес од 1,1 п.п.), Капитални производи од 2,4% (придонес од 0,5 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 0,4% и без придонес во растот.

Кумулативните податоци укажуваат дека производството во првите четири месеци од 2019 година бележи раст од 7,9%, што најмногу се должи на растот во секторот Преработувачка индустрија од 6,2% (придонес од 4,8 п.п.), а во помала мера на растот во секторите Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 16,4% (придонес од 2,0 п.п.) и Рударство и вадење камен од 3,9% (придонес од 0,4 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*



Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %)*



Извор: ДЗС.

Податоците од анализата по гранки укажуваат дека раст е забележан кај 15 од вкупно 27 гранки, кои сочинуваат 70,8% во структурата на вкупното индустриско производство. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан кај производството на машини и уреди од 25,0% и придонес од 2,4 п.п., кај снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 16,4% и придонес од 2,0 п.п., кај производството на моторни возила од 9,2% и придонес од 0,9 п.п., како и кај прехранбената индустрија од 0,9% и придонес од 0,1 п.п..

Кај наменските групи, растот во периодот јануари - април 2019 година е главно резултат на зголеменото производство во сите групи, и тоа: Енергија од 17,0% (придонес од 2,4 п.п.), Интермедијарни производи, освен енергија од 7,5% (придонес од 2,2 п.п.), Капитални производи од 9,8% (придонес од 2,2 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,7% (придонес од 0,5 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,6% и без придонес во растот.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во април 2019 година е намален за 1,6%. Падот е предизвикан од намалувањето на бројот на работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 1,7%, Рударство и вадење камен од 0,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2019 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено во групата Капитални производи од 5,4%, додека пад е забележан во групите Трајни производи за широка потрошувачка од 5,6%, Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,7%, Енергија од 1,0% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,3%.

На кумулативна основа, во периодот јануари - април 2019 година е забележан пад на бројот на работници од 0,1%, кој се должи на падот во секторите Преработувачка индустрија и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од по 0,1%, а е ублажен со растот во секторот Рударство и вадење камен од 0,2%.

Согласно податоците за наменски групи, во првите четири месеци од 2019 година е забележан раст во групите Капитални производи од 11,4% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,6%, додека пад е забележан во групите Нетрајни производи за широка потрошувачка и Трајни производи за широка потрошувачка од по 4,1%, како и во групата Енергија од 0,7%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во април 2019 година е поповолна во однос на март 2019 година, како и во однос април 2018 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во април изнесува 69,5%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 69,0%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,2 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во април имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 26,8%, недоволната странска побарувачка со 16,6%, недоволната домашна побарувачка со 14,9%, неизвесното економско окружување со 10,7%, финансиските проблеми со 7,4%, конкурентниот увоз со 6,2% и недостигот на суровини со 5,6%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во април 2019 година во однос на март 2019 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Во април 2019 година издадени се вкупно 240 одобренија за градење, што претставува пад од 3,6% во однос на април 2018 година. Споредено со претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење бележи пад од 13,6%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во април 2019 година на годишна основа се намали за 14,6%. Вредноста на објектите во однос на претходниот месец е зголемена за 72,7%.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 122 (или 50,8%) се наменети за објекти од високоградба, 35 (или 14,6%) за објекти од нискоградба и 83 (или 34,6%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 240 издадени одобренија за градба, на 122 објекта (или 50,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 118 објекти (или 49,2%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во април 2019 година предвидена е изградба на 391 стан, со вкупна корисна површина од 28.249м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е зголемен за 41,7%, а во однос на април 2018 година е намален за 59,5%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во април 2019 година се зголемија за 1,9% во однос на април 2018 година, по растот од 1,4% во март 2019 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – април 2019 година изнесува 1,4%.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во април се зголемија за 3,2% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во април 2019 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 8,5% следена со порастот на цените во категориите: Рекреација и култура од 3,7%, Здравје од 2,9%, Ресторани и хотели од 1,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,4% и Транспорт од 1,1%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Годишен пад на цените во април 2019 година е регистриран во категориите Комуникации од 1,8%, Облека и обувки од 1,3%, Образование од 0,5%, Останати стоки и услуги од 0,2% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

Потрошувачките цени во април 2019 година се зголемија за 0,8% во однос на претходниот месец. Притоа раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 4,8%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,8%, Облека и обувки од 0,5%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,4% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Рекреација и култура од по 0,1%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Намалување на цените на месечно ниво е регистрирано во категоријата Останати стоки и услуги од 0,3%, додека цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива, Здравје, Комуникации, Образование и Ресторани и хотели останаа непроменети

Цените на мало во април 2019 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 1,3%, а на месечна основа регистрираа раст од 1,2%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во април 2019 година во однос на претходниот месец бележи раст од 7,2% и изнесува 71,2 долара за барел. Споредено со април 2018 година, цената на нафтата е намалена за 0,6%.

Што се однесува до металните производи, во април 2019 година никелот како значаен извозен производ се тргуваше со просечна цена од 12.773 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на март 2019 година бележи пад на цената од 1,9%. На годишно ниво, цената на никелот во април се намали за 8,4%. Во рамки на основните метали, покрај никелот, месечен пад на цените во април 2019 година бележат и оловото од 5,3%, калајот од 3,7% и алуминиумот од 1,4%. Цената на цинкот се зголеми за 2,9%, додека на бакарот остана непроменета. Цената на железната руда во април бележи раст од 8,4% на месечна основа.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во однос на благородните метали, цените на среброто и златото во април 2019 година во однос на март 2019 година бележат пад од 1,6% и 1,2%, соодветно, додека цената на платината се зголеми за 5,3%.

Цената на пченицата на светските берзи во април 2019 година споредено со претходниот месец се намали за 3,0%, а цената на пченката за 2,8%.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите четири месеци од 2019 година изнесува 4.812,3 милиони евра, што претставува раст од 15,0% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - април 2019 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 28), како најголем трговски партнер, е намалено за 1,4 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 71,3%.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - април 2019 година изнесува 2.063,3 милиони евра и бележи раст од 16,0% (283,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 20,8%.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во април 2019 година изнесува 529,2 милиона евра и бележи раст од 12,6% (59,4 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголемил за 18,1%.

Анализирано на месечно ниво, извозот во април 2019 година бележи пад од 10,1% (59,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 4,1%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - април 2019 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,1% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - април 2019 година споредено со истиот период од 2018 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата ЕФТА. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 14,4% на годишно ниво, а кај земјите од

Западен Балкан истиот бележи раст од 16,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 83,4% и 10,3% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - април 2019 година изнесува 2.749,0 милиони евра и бележи раст од 14,2% (342,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2018 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 20,6%.

Вредноста на увозот во април 2019 година изнесува 758,8 милиони евра, што претставува раст од 21,8% (135,9 милиони евра) во однос на истиот месец од 2018 година, а увезените количини стоки се зголемени за 14,5%.

Анализирано на месечно ниво, увозот во април 2019 година бележи раст од 2,5% (18,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 5,8%.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2018 | I - IV - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 7,6 | 12,5 | 5,0 | 66,0 |
| Мил. ЕУР | 367,9 | 451,7 | 83,8 | 22,8 |
| Мил.$ | 451,7 | 511,3 | 59,6 | 13,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2018 | I - IV - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 9,2 | 11,6 | 2,4 | 26,3 |
| Мил. ЕУР | 67,6 | 74,0 | 6,4 | 9,5 |
| Мил.$ | 83,2 | 83,8 | 0,6 | 0,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2018 | I - IV - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 237,1 | 267,5 | 30,4 | 12,8 |
| Мил. ЕУР | 150,7 | 194,5 | 43,9 | 29,1 |
| Мил.$ | 185,1 | 220,0 | 34,9 | 18,9 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2018 | I - IV - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 298,5 | 315,6 | 17,2 | 5,8 |
| Мил. ЕУР | 160,7 | 161,1 | 0,4 | 0,2 |
| Мил.$ | 197,7 | 182,4 | -15,4 | -7,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2018 | I - IV - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 20,6 | 25,8 | 5,1 | 24,9 |
| Мил. ЕУР | 261,9 | 314,5 | 52,5 | 20,1 |
| Мил.$ | 322,1 | 355,9 | 33,8 | 10,5 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IV - 2018 | I - IV - 2019 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 19,2 | 21,1 | 1,9 | 9,7 |
| Мил. ЕУР | 226,3 | 239,2 | 12,9 | 5,7 |
| Мил.$ | 278,2 | 270,8 | -7,5 | -2,7 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - април 2019 година, трговскиот дефицит се зголеми за 9,3% односно 58,5 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во април 2019 година трговскиот дефицит се зголеми за 50,0% односно 76,5 милиони евра споредено со април 2018 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива. Од друга страна, кон намалување на дефицитот дејствуваше намалувањето на негативното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари - април 2019 година, 84,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Србија, Турција, Јужна Африка, Италија, Полска, Украина и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово и Белгија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 85,1% од трговската размена во периодот јануари - април 2019 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2018 година претставува намалување за 3,1 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,9% и 79,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,0 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 4,7 п.п. во однос на периодот јануари - април 2018 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - IV - 2018 | | | | | I - IV - 2019 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 1.428,6 | 2.023.676.040 | 61,5440 | 124.545.118.222 | 84,1 | 1.484,3 | 2.181.463.513 | 61,5187 | 134.200.799.416 | 79,4 | 157.787.473 | 7,8 |
| УСД | 396,0 | 443.546.006 | 50,0970 | 22.220.324.256 | 15,0 | 717,1 | 613.165.422 | 54,3113 | 33.301.811.189 | 19,7 | 169.619.416 | 38,2 |
| ГБП | 1,9 | 9.468.889 | 69,8758 | 661.646.221 | 0,4 | 1,4 | 7.366.775 | 70,6889 | 520.749.257 | 0,3 | -2.102.114 | -22,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.826,4 | | | 147.427.088.700 | 99,1 | 2.202,8 | | | 168.023.359.861 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 1.831,8 | | | 148.111.340.459 | 100,0 | 2.208,8 | | | 169.114.563.007 | 100,0 | | 14,2 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – април 2019 година изнесуваа 63.926 милиони денари, односно 9,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,7% во однос на истиот период од 2018 година.

Даночните приходи во наведениот период се реализирани во износ од 36.746 милиони денари и во однос на истиот период од претходната година се зголемени за 1,5%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 16.977 милиони денари, што претставува зголемување за 8,8% во однос на минатата година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 46,2%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 24.753 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 7.775 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,1%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 2,3% споредено со истиот период од 2018 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 6,7%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 1,6%.

Акцизите се остварени во износ од 7.182 милиона денари (учество од 19,5% во даночните приходи), што претставува намалување од 5,3% во споредба со истиот период од 2018 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 24.159 милиони денари, што претставува 65,7% од вкупните даночни приходи во овој период.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 5.638 милиони денари и забележуваат раст од 14,2% на годишна основа, при што 64,1% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 9,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,4% од приходи по основ на договор на дело, 5,5% од приходи од капитал и 5,4% од приходи од имот и имотни права. Приходите од данокот на добивка во првите четири месеци изнесуваат 4.818 милиони денари и забележаа помало остварување за 19,4% во однос на истиот период претходната година, што е резултат на доплатите по даночни биланси (намалување од 36,6%) и данокот наплатен по основ на месечни аконтации (намалување од 8,2%).

Приходите од царина се остварени во износ од 1.961 милион денари и се зголемени за 2,7% во однос на истиот период минатата година. Приходите од други даноци со остварен износ од 170 милиони денари се непроменети на годишно ниво.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 19.511 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 9,9% споредено со истиот период од 2018 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 10,0%, кај придонесите за вработување за 8,3% и кај придонесите за здравствено осигурување за 9,9%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 5.478 милиони денари и во однос на првите четири месеци од 2018 година забележаа поголемо остварување од 33,5% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 292 милиона денари, што е намалување од 57,6% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.476 милиони денари и се зголемени за 20,0% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[1] и

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

во периодот јануари - април 2019 година изнесуваат 43.529 милиони денари, односно 92,8% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 27,3% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 83,5% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во периодот јануари - април 2019 година изнесува 30,6% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 4.208 милиони денари, што претставува 9,7% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 1.043 милиони денари, односно 2,2% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (86,1%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за финансии како буџетски корисник оствари приходи во износ од 400 милиони денари, што претставува 0,9% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливот на средства по основ на отплата на трансфери и донации изнесува 235 милиони денари и претставува 58,7% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата




Извор: МФ.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,1% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - април 2019 година оствари приходи во износ од 24.642 милиона денари што претставува 34,0% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари - април 2019 година изнесуваа 68.091 милион денари, односно 9,8% од БДП, што е за 8,1% повеќе во однос на истиот период од 2018 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 65.538 милиони денари учествуваа со 96,3% и се зголемени за 8,6% на годишно ниво.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 9.004 милиони денари што претставува зголемување за 3,5% во однос на претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 5.204 милиони денари и споредено со истиот период од 2018 година забележаа зголемување од 6,7%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 49.139 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 8,9% споредено со јануари - април 2018 година и истите учествуваа со 72,2% во вкупните расходи.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 35.328 милиони денари, забележаа раст од 9,0% и учествуваа со 51,9% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 21.646 милиони денари, што е зголемување за 8,3% споредено со 2018 година и учествуваат со 31,8% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 19,6%, односно забележаа поголема реализација за 9,8%, а се реализирани во износ од 13.367 милиони денари. Блок дотациите кон единиците на локалната самоуправа во износ од 5.496 милиони денари забележаа зголемување од 4,6% во споредба со претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 7.107 милиони денари што е зголемување од 14,8% споредено со минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 2.191 милион денари, што е за 31,3% повеќе во споредба со истиот период од 2018 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 14,5%, додека каматите од странско задолжување се двојно зголемени. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 2.553 милиони денари со структурно учество од 3,7% во вкупните расходи, односно забележаа пониска реализација за 3,1% во споредба со истиот период од 2018 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85,5% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - април 2019 година реализираше 14.555 милиони денари или 32,6% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (72,9%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 10.614 милиони денари или 35,1% од средствата наменети за 2019 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 19,0% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 27,0% (2.766 милиони денари) од планираните за 2019 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели




Извор: МФ.

Во првите четири месеци од 2019 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[2] реализирани се 9.557 милиони денари, што претставува 28,6% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 53,6% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 5.122 милиона денари, односно 31,4% од средствата планирани за оваа намена во 2019 година. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 22,9% од вкупните расходи, за што се реализирани 2.193 милиони денари или 23,9% од планираното.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - април 2019 година изврши буџетски средства во износ од 7.197 милиони денари, што е 27,6% од вкупниот буџет за 2019 година. Најголем дел од расходите (66,1%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.759 милиони денари или 33,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,8%, за што се потрошени 1.140 милиони денари, односно 31,0% од вкупно предвидените средства за тековната година.

[2] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Во периодот јануари - април 2019 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 3.783 милиони денари, што претставува 34,5% од сопствениот буџет за 2019 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 67,9%, за што се потрошени 2.568 милиони денари или 33,4% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 23,2%, за што се реализирани 877 милиони денари или 44,4% од годишниот план.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 4.767 милиони денари, што претставува 55,0% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 98,0% во вкупните расходи, реализирани се 70,6% од планираните средства.

Министерството за одбрана во првите четири месеци од 2019 година изврши буџетски средства во износ од 2.082 милиона денари, што е 25,1% од вкупниот буџет за 2019 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 61,6%, за што се реализирани 1.281 милион денари, што претставува 32,3% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 23,9% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 497 милиони денари, односно 25,1% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - април 2019 година реализираше буџетски средства во износ од 1.660 милиони денари, што е 25,6% од вкупниот буџет за 2019 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 54,0%, за што се потрошени 897 милиони денари или 31,2% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 37,3% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 620 милиони денари, односно 27,0% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во разгледуваниот период реализираше средства во износ од 855 милиони денари, што е 11,8% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 8,1% од предвиденото (511 милиони денари), а учествуваат со 59,8% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 33,7% и за оваа намена извршени се средства во износ од 288 милиони денари, односно 40,2% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во првите четири месеци од 2019 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 4.165 милиони денари, што претставува 0,6% од

БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 4.311 милиони денари и претставува 0,62% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРСМ

Во периодот јануари – април 2019 година во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија регистрирани се вкупно 64.754 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е понизок за 4,8% во однос на истиот период од 2018 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 42,8% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во април 2019 година, 25,9% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во април 2019 година изнесува 191.661, од кои 103.083 се активни баратели на работа, а 88.578 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 0,5%.

Најголем дел од невработените лица (64,1%) се градско население, а според половата структура 53,2% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 62,2% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 25,9% се со завршено средно образование, додека 11,9% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 47,5% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 48,0%

од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,9% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во март 2019 година оствари годишен раст од 3,8%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,6%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (11,4%), Земјоделство, шумарство и рибарство (8,2%) и Транспорт и складирање (7,8%). Реалните плати во март забележаа годишен раст од 2,3%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во март 2019 година оствари годишен раст од 4,9%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,6%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Дејности на здравствена и социјална заштита (13,3%), Транспорт и складирање (9,5%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (9,3%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 3,5%.

## Пензии

Во април 2019 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 316.545 пензионери, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е понизок за 719 лица. Од вкупниот број пензионери, 65,0% се корисници на старосна пензија, 23,9% се корисници на семејна пензија и 11,1% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во април 2019 година изнесува 14.474 денари и е за 2,5% повисока во однос на истиот месец минатата година[3]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во март 2019 година (последни расположливи податоци) изнесува 59,2%.

Просечната старосна пензија во април изнесува 15.767 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.105 денари, а просечната семејна пензија 11.598 денари. За исплата на пензиите во април 2019 година се потрошени 4.559,14 милиони денари, што претставува 48,8% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(април 2019 година)




Извор: НБРСМ.

Во април 2019 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа основната каматна стапка на 2,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п. како резултат на задржаниот континуитет на поволни движења на девизниот пазар, што упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти, како и отсуство на ценовни притисоци. Дополнителен простор за монетарно олабавување создава и последната најава на ЕЦБ за задржување на каматните стапки на тековното ниво подолго од претходно очекуваното, како и за дополнително олабавување преку други монетарни инструменти. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во април 2019 година, примарните пари[4] регистрираа раст од 21,0% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 14,0% и раст на вкупните ликвидни средства на банките од 28,7%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 23,0%, како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 48,3% и раст на готовите пари од 4,6%.

## Депозитен потенцијал[5]

Вкупните депозити на банките во април 2019 година регистрираа раст од 1,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата се зголемија за 3,7% и 1,4%, соодветно.

Од аспект на валутата, во април 2019 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 2,2%, а депозитите во странска валута регистрираа раст од 1,6%.

Вкупниот депозитен потенцијал во април 2019 година оствари раст од 13,1% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 14,1% и 11,7%, соодветно.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 13,6% и 9,6%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 9,4%, а долгорочните депозити за 12,0%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 59,5%.

---

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[5] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (април 2019 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **385.142** | **1,9%** | **13,1%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *229.087* | *2,2%* | *14,1%* |
| *Странска валута* | *156.055* | *1,6%* | *11,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *168.020* | *1,0%* | *9,4%* |
| *Долгорочни* | *106.641* | *0,6%* | *12,0%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **326.394** | **0,5%** | **8,9%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *194.139* | *0,6%* | *11,5%* |
| *Странска валута* | *132.255* | *0,3%* | *5,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *60.741* | *-1,5%* | *9,1%* |
| *Долгорочни* | *245.717* | *0,9%* | *8,9%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *16.815* | *1,4%* | *9,6%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во април 2019 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,5% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата и кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,4% и 0,5%, соодветно. Од аспект на валутата, во април 2019 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити регистрираа раст од 0,6% и 0,3% соодветно.

На годишна основа, во април 2019 година вкупните кредити се зголемија за 8,9%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 9,3% и на кредитите кон претпријатијата од 8,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 11,5%, а кредитите во странска валута за 5,3%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,9%, а краткорочните кредити од 9,1%.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2019 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 5,23%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,05 п.п. и изнесува 5,69%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п. на месечно ниво и изнесува 4,68%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во април 2019 година изнесува 1,41% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити остана непроменета на месечно ниво и изнесува 1,95%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,1 п.п. и изнесува 0,80%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во април 2019 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 53,9% на месечно ниво, во услови на пад на прометот кај блок трансакциите од 73,3% и раст на прометот од класичното тргување за 17,9%

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во април 2019 изнесуваше 458,9 милиони денари и истиот е намален за 21,8% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на април 2019 година изнесуваше 3.603,57 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 1,7%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 24,5%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на април 2019 година изнесуваа 2.874,4 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 0,3%, а во однос на април 2018 година за 11,0%.